**Повик за поддршка на медиумската писменост (CREA-CROSS – 2022 – MEDIALITERACY)**

Ве известуваме дека е во тек **Повикот за поддршка на медиумската писменост (CREA-CROSS – 2022 – MEDIALITERACY)** со краен рок за поднесување онлајн апликации до **6 април 2022 година**.

**Повикот за поддршка на медиумската писменост** се спроведува во рамките на Меѓусекторската програмска линија на Програмата „Креативна Европа 2021 – 2027", која опфаќа активности од културниот, креативниот и од аудиовизуелниот сектор со цел да се поттикнат меѓусекторската соработка и иновативноста, како и од секторот за информирање и медиуми. Една од специфичните цели на Меѓусекторската програмска линија се однесува на јакнење на разновидноста, независноста, слободата и плурализмот во медиумскиот сектор, квалитетното новинарство и медиумската писменост за да се поддржат слободата и уметничкото изразување, меѓукултурниот дијалог и социјалната вклученост.

**Цели**

Целта на повикот е да им овозможи на граѓаните да развијат критичко размислување и соодветни компетенции во користењето на медиумите. Медиумската писменост претставува моќен инструмент кој може да придонесе за ограничување на влијанието од дезинформациите. Повикот претставува можност за размена на знаења, политики и практика за медиумска писменост.

**Активности**

Повикот ќе поддржи проекти за заедничка соработка преку активности со јасно дефинирани цели кои ќе придонесат за унапредување на конкретни предизвици во областа на медиумската писменост, вклучувајќи најмалку две од следниве области на активности:

- споделување најдобри практики од иновативни проекти за медиумска писменост кои го земаат предвид променливиот медиумски екосистем, а преку кои ќе се овозможи надминување на културните, националните или на јазичните граници;
- развој на иновативни, интерактивни онлајн алатки кои ќе понудат решенија за сегашните и за идните предизвици во онлајн средината, вклучувајќи ги и дезинформациите;
- развој на материјали и алатки преку кои граѓаните ќе можат да развијат критички пристап кон медиумите и да ги препознаат дезинформациите и соодветено да одговорат на нив;
- развој на практики за медиумска писменост приспособени кон променливата медиумска средина, меѓу кои и манипулативни техники и медиумска продукција базирана на вештачка интелигенција.

Ангажманот и вклученоста на граѓаните, односно културата на учество, претставуваат основа за развој на предлог-проектите.

**Очекувања**

Повикот треба да овозможи формирање на паневропски конзорциум преку кој ќе се пренесуваат најдобрите практики над културните, националните или јазичните граници; кој ќе развива алатки и активности за медиумска писменост со цел да се пренесат овие практики до најшироката публика преку вклучување различни видови модалитети при испорачувањето на медиумите. Се очекува преку форуми да се овозможи размена на најдобрите практики наменети за одредени возрасни групи, групи со ограничени вештини или пристапи и оние што се изложени на ризик од социјално исклучување, како и поддршка за експертите за медиумска писменост за да ја приспособат својата практика кон новите медиумски формати и модели на медиумска потрошувачка кои брзо се менуваат и развиваат.

**Квалификувани апликанти**

На повикот може се пријават правни субјекти кои се регистрирани и работат во земјите учеснички во Програмата, и тоа: профитни и непрофитни организации, јавни (национални, регионални и локални) институции, меѓународни организации, универзитети и образовни институции, медиумски организации, истражувачки и технолошки институции, даватели на технолошки услуги со експертиза за медиумска писменост и дигитални медиуми.

**Повик за поддршка на медиумската писменост (CREA-CROSS – 2022 – MEDIALITERACY)**

https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/portal/screen/opportunities/topic-details/crea-cross-2022-medialiteracy;callCode=null;freeTextSearchKeyword=;matchWholeText=true;typeCodes=1,0;statusCodes=31094501,31094502,31094503;programmePeriod=2021%20-%202027;programCcm2Id=43251814;programDivisionCode=null;focusAreaCode=null;destination=null;mission=null;geographicalZonesCode=null;programmeDivisionProspect=null;startDateLte=null;startDateGte=null;crossCuttingPriorityCode=null;cpvCode=null;performanceOfDelivery=null;sortQuery=sortStatus;orderBy=asc;onlyTenders=false;topicListKey=topicSearchTablePageState

- Минимум 3 правни субјекти од 3 различни земји квалификувани за учество во „Креативна Европа 2021 – 2027“ .
- Грантот на ЕУ изнесува максимум 400 000 – 500 000 евра.
- Кофинансирањето на Европската Унија изнесува максимум 70 % од вкупниот буџет на проектот.
- Времетраењето на проектот е максимум 24 месеци.

За Повикот се обезбедени финансиски средства во износ од 2 400 000 евра од Европската Унија, а се очекува да бидат поддржани од 3 до 5  проекти на европско ниво.

Поднесување на онлајн апликацијата:

Апликацијата се пополнува и се доставува онлајн преку Порталот за финансирање и можности за тендери (FTOP) на Европската комисија во согласност со крајниот рок **– 6 април 2022 година (најдоцна до 17 часот по средноевропско време).**

Евалуацијата на проектите се врши од страна на независни експерти во соработка со Европската комисија.

Повеќе информации поврзани со Повикот може да добиете во Одделението за Креативна Европа на ЕУ – Потпрограма Култура, Сектор за европски интеграции:

**Е-адреса:** biljana.prentoska@ced.mk

**Е-адреса:** dejan.kotevski@ced.mk

**Тел.:** + 389 2 3 207 446/433